**ЗАПИСНИК**

од редовното Годишно Собрание на Карате федерацијата на РС Македонија, одражано на ден 21.02.2026 година, во Конгресниот центар при СРЦ „Борис Трајковски“ во Скопје

Претседателот на КФРСМ Дејан Чолески, го отвори денешното Собрание, поздравувајќи ги поранешните претседатели на федерацијата како и сите присутни гости и претставници на клубовите членки на Федерацијата. По воведните зборови, членовите на Собранието го прифатија предлогот од претседателот на Федерацијата заедно со предложените точки од клубовите КК „Тиквеш“ и КК „Металург“ за во точката разно и едногласно го усвоија следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на работни тела на Собранието:
- Верификациона комисија;
- Записничар и оверувачи на записникот.
2. Разгледување и усвојување на Записникот од седницата на Собранието на Карате федерацијата на РС Македонија, одржана на 15.02.2025 година;
3. Предлог Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија;
4. Разгледување и усвојување на Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 година;
5. Извештај на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 година;
6. Финансов извештај на Карате федерацијата на РС Македонија за 2025 година и негово усвојување со завршната сметка, за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 година;
7. Разгледување и усвојување на Програма за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансиски план за периодот 01.01.2026 до 31.12.2026 година;
8. Прием на нови членови - клубови во КФРСМ;
9. Разно, предлози, прашања.

**Точка 1.**

Претседателот предложи да се изберат потребните органи како Собранието би можело полноправно да работи и се изврши избор на работни тела во следниот состав:

Верификациона и изборна комисија:

1. Ахмедин Марукиќ, претседател
2. Аце Ѓурчиноски и
3. Даут Билибани.

Записничар:

1. Игор Миноски

Оверувачи на записникот:

1. Благој Атанасов и

2. Марко Костов.

По предлогот на претседателот членовите на Собранието едногласно ја донесоа следната

**ОДЛУКА**

СЕ ИЗБИРААТ работни тела на Собранието во следниот состав:

Верификациона и изборна комисија:
1. Ахмедин Марукиќ, претседател
2. Аце Ѓурчиноски, член и
3. Даут Билибани, член.

Записничар:
1. Игор Миноски

Оверувачи на записникот:
1. Благој Атанасов и
2. Марко Костов.

Верификационата комисија се повлече за да изврши увид во доставените полномошна и да ја утврди бројноста на присутните членови на Собранието. По извесно време, претседателот на Верификационата комисија Ахмедин Марукиќ ги информираше членовите на Собранието дека од вкупно 73 клубови, присутни се 56 членови на клубови - делегати со право на глас, со што се констатира дека Собранието има кворум за работа и може полноправно да работи и одлучува.

**Точка 2**

Во врска со втората точка од дневниот ред, разгледување и усвојување на Записникот од Редовното Собрание на КФРСМ одржано на ден 15.02.2025 година, за дискусија се јави Лазар Јорданов од КК „Тиквеш“ од Кавадарци и истиот наведе дека има забелешки на записникот, наведувајќи ги истите забелешки како и во неговите два приговори доставени до КФРСМ од 09.02.2026 година по однос на начинот на избор на комисиите на КФРСМ и предлогот од 16.02.2026 година, по однос забелешки на записникот на Собранието и друго.

Откако од страна на претседателот му беше укажано дека неговите забелешки и приговори ќе се разгледуваат под точката разно, записникот од претходната година од 15.02.2025 година е усвоен со 55 гласа за и 1 против, по што Собранието ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Се усвојува Записникот од Редовното Собрание на КФРСМ одржано на ден 15.02.2025 година.

**Точка 3**

Претседателот на Федерацијата го запозна членството дека од страна на Светската карате федерација се ставени забелешки на Статутот на КФРСМ и дека истиот треба да се усогласи во таа смисла. Во таа смисла истакна, дека измените и дополнувањата се вршат со цел целосно усогласување на Статутот на Карате федерацијата на Република Северна

Македонија со Статутот, правилата и принципите на Светската карате федерација (СКФ), како и со цел јасно дефинирање на единствениот меѓународен легитимитет на Федерацијата и исклучување на можноста за соработка со нелегитимни или паралелни карате организации. Исто така, се изврши имплементација на безбедносните правила и стандарди кои се одразуваат на посветеност и заштита на спортистите и обезбедување на безбедна спортска средина, без физичко, психолошко и сексуално недолично однесување.

Поради тоа од страна на Извршниот одбор е донесена предлог-Стаутарна одлука за изменување и дополнување на Стаутот и се донесе следната Статутарна одлика, која гласи:

Врз основа на член 32 став 2 алинеја 1 од Статутот на Карате федерацијата на Република Северна Македонија бр.02-43/2 од 16.02.2023 година (пречистен текст), Собранието на Карате федерацијата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 21.02.2026 година, донесе

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА

за изменување и дополнување на Статутот
на Карате федерацијата на Република Северна Македонија

Статутот на Карате федерацијата на Република Северна Македонија бр.02-43/2 од 16.02.2023 година (пречистен текст) се изменува и дополнува и тоа:

**Член 1**

Се изменува членот 11 алинеа 12 од Статутот и истата ќе гласи:

„ - презема активности за остварување членство исклучиво во Светска карате федерација (СКФ) и меѓународна соработка со институции и асоцијации кои се признати или се членки на Светската карате федерација;."

Во истиот член 11, после алинеа 14, се додаваат нови 4-четири алинеи, кои гласат:

- Почитување на спортските и натпреварувачките правила и прописи на СКФ,
- Почитување и примена на политиката за безбеден спорт на СКФ,
- Почитување и примена на анти допинг правилата на СКФ,
- Почитување и примена на кодексот на СКФ за спречување на манипулација на натпревари.

**Член 2**

Во член 12 алинеа 5 од Стаутот, се преформулира и истата ќе гласи:

„ - меѓународна спортска соработка исклучиво со Светска карате федерација (СКФ) согласно нејзиниот статут, правила и акти, како и со институции и асоцијации кои се нејзини членки или се официјално признати од оваа федерација."

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа Одлука, сите претходни одредби од Статутот на Карате федерацијата на Република Северна Македонија кои се во спротивност со истата, престануваат да важат.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното усвојување од страна на Собранието на Карате федерацијата на Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Во врска Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 година, најпрво свој осврт за учинокот и успесите за истиот период даде Претседателот Дејан Чолески, кој истакна следното:

Во текот на изминатата година постигнати се следниве резултати:

• Европско првенство за кадети, јуниори и У21 – Бјелско-Бјала 2025:
1 бронзен медал (Душица Бреслиева), две 5ти. места (Сара Дука, Љупче Михајлов), пет 7ми. места (Илиана Серафимова, Цветан Маргаритов, Јована Мицковска, Данило Божовиќ и женски кадетски ката тим).

• Балканско првенство за сениори и ветерани – Будва 2025:
Вкупно 13 медали (2 златни, 4 сребрени, 7 бронзени).

• Европско првенство за сениори – Ереван 2025:
7. место (Ангела Мојсовска), 9. место (Петар Спасеновски).

• Балканско првенство за деца – Бар 2025:
Вкупно 8 медали (4 златни, 1 сребрен, 3 бронзени), 6. место во генерален пласман.

• Медитеранско првенство – Beach Games Гвадалахара 2025:
3 бронзени медали (2 поединечно, 1 екипно – кати).

• Квалификации за Светско првенство – Париз 2025:
Фаик Весели – 1. место во група и обезбеден пласман на Светско првенство.

• Балканско првенство за кадети, јуниори и У21 – Риека 2025:
Вкупно 10 медали (1 златен, 5 сребрени, 4 бронзени).

• Светско првенство за сениори – Каиро 2025:
Учество без медал; забележани победи во групна фаза (Мојсовска 2 победи и 1 пораз, Весели во 3 борби без победа).

Од најновите информации во 2026та година сите не израдува златниот медал на Матеј Белистојаноски и сребрениот медал на Немања Младеновиќ од ЕП за К, Ј и У21 – Лимасол, Кипар.

Ги информирам делегатите дека материјалите поврзани со работата на КФСМ за 2025 година се доставени до сите клубови и отворам дискусија.

За дискусија се јавија повеќе лица и тоа:

1.Благој Атанасов како претседател на судиската комисија, истакна дека во текот на 2025 година целосно е исплнета програмата, успешно се покриени сите натпревари според календарот. При тоа напомена дека на сите Балкански првенства земале учество и наши судии, како и на сите светски, европски и медитерански првенства.

2.Арлинд Хусеини како директор на репрезентативните слекции, истакна дека имаме полууспешна година на сите мегународни натпревари и во таа смисла ги повтори наводите како и пртеседателот на Федерацијата. Наведе дека споредено со изминатите години резултатите се подпросечни и дека треба да се обидеме да направиме подобри резултати во наредната година, но за подобри резултати истакна и дека е потребна и поголема финансиска поддршка од Министерството за спорт за да може репрезентациите и посоодветно да бидат помогнати со што и резултатите би биле сигурно поголеми.

3.Румена Балшевска Беговиќ од КК „Металург“ од Скопје, најпрво имаше забелешки во однос на извештајот на натпреварувачка комисија за 2025 година каде што наведе дека не се целосно прикажани постигнатите резултати од натпреварувачите до 14 години од светските младински лиги. И бара истото да се корегира во електронската верзија од овој извештај кој ќе оди на веб страницата на федерацијата.

4.Ивица Гаџовски од КК „Маверик“ Скопје, дека во однос на доставениот билтен-извештај за постигнатите резултати, да се направи споредување со резултатите од претходните години и на тој начин да добиеме престава какви успеси сме постигнале во претходната година па и во последните четири години.

5.Бошко Заборски од КК „Макпетрол“, наведе дека резултатите постигнати во 2025 година се просечни. Дискутираше на темата на наградувањето на тренерите и селекторите и укажа дека со измените на законот за спорт е исправена таа неправда. Потоа наведе дека дека треба да се дадат акредитации на тренерите за меѓународни настапи тогаш би се постигнале подобри резултати, бидејќи тренерите си ги познаваат најдобро свои натпреварувачи. А од друга страна, не би се дозволило да се натпреварува натпреварувач без присаство на наше стручно лице.

На ваквата дискусија реплицираше Хусеини Арлинд, кој истакна дека ова се случило, бидејќи во ист момент имавме 4 категории натпреварувачи одеднаш, а ние бевме само 3 акредитирани тренери, така да остана непокриен еден натпреварувач.

6. За дискусија се јави и Александар Кузмановски, како селектор на сениорската репрезентација во кумите, најнапред истакна дека селекторитскиот тим секогаш биле максимално посветени и пожрртувани да работат во интересите на Федерацијата. Во однос на извештајот истакна дека не е задоволен од постигнатите резултати, но тоа не треба да не обесхрабри, туку да вложиме поголеми напори и ги повика сите обединето да работиме за да се постигнат подобри и повисоки резултати.

7.Бесник Мурати член на Извршниот одбор, наведе дека активно учествува во работата и настапите на репрезентациите на меѓународни натпревари. Нагласи дека е член на Организациониот одбор на балканското првенство и дека тие се трудат максимално натпреварите да бидат масовни а воедно да се одржуваат согласно сите прописите на СКФ, ЕКФ и БКФ. КФРСМ одржува добри односи со сите овие меѓународни институции, како и со сите карате федерации од Балканот кои се членки на СКФ.

По дискусиите од оваа точка, делегатите на Собранието едногласно ја донесоа следната

**ОДЛУКА**

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија, за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Точка 5**

По однос на извештајот на Одборот за контрола за работата на Карате федерацијата на РС Македонија во 2025 година, се донесе следната

**ОДЛУКА**

СЕ УСВОЈУВА извештајот за работа на Одбор за контрола на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2025 до 31.12.2025 година со 55 гласа ЗА и 1 ПРОТИВ.

Извештајот на Одборот за контрола преставува составен дел на извештајот за работа на Карате федерацијата на РС Македонија.

**Точка 6**

Во врска со шестата точка од дневниот ред за усвојување на Финансов извештај на Карате федерацијата на РС Македонија и Завршната сметка за 2025 година, за периодот 01.01.2025 до 31.12.2054 година, извештај.

Бидејќи немаше забелешки по однос на Финансискиот извештај за 2025 година, истиот се стави на гласање и Собранието ја донесе следната

**ОДЛУКА**

СЕ УСВОЈУВА Фанансикиот извештајот и Завршната сметка за работа на Карате федерацијата на РС Македонија за 2025 година, едногласно.

**Точка 7**

По однос на седмата точка од дневниот ред претседателот даде образложение за Програмата за работа на Карате федерацијата на Македонија и Финансискиот план за периодот 01.01.2026 до 31.12.2026 година. Собранието едногласно ја донесе следната

**ОДЛУКА**

СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Карате федерацијата на РС Македонија и Финансискиот план за периодот 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

**Точка 8**

Во врска со осмата точка од дневниот ред а по однос на приемот на нови членови во федерацијата, претседателот Дејан Чолески му даде збор на стручниот соработник на Федерацијата Игор Миноски кој истакна дека во канцеларијата на КФРСМ пристигнати се 3-три потполни барања со решение за вршење дејност од Министерство за спорт и предложи Собранието да ги прими во полноправно членство следните следниве 3-три клуба:

1. КК „Масуши“ – Куманово;
2. КК „Оникс“ – Тетово и
3. КК „Сан Сеј“ – Штип.

По ова претседателот истиот предлог го стави на гласање за кој едногласно се донесе следната

**ОДЛУКА**

СЕ УСВОЈУВААТ предлогот од Извршниот одбор на КФРСМ за прием на 3-три нови клуба за полноправни членови на Карате федерацијата на Република Северна Македонија и тоа:

1. КК „Масуши“ – Куманово;
2. КК „Оникс“ – Тетово и
3. КК „Сан Сеј“ – Штип.

**Точка 9**

По однос на осмата точка од дневниот ред под разно, претседателот истакна дека членот на Извршниот одбор Мартин Несторовски има поднесено писмена оставка на членство во Извршниот одбор, поради што претседателот наведе дека оставката е дадена

поради зафатеност на Матрин и предложи за нов член на Извршниот одбор да се именува лицето Ерол Зенделовски од Струга.

За дискусија се јави и Мартин Несторовски кој се заблагодари на досегашната работа, но истакна дека е зафатен со нова работа и не е во можност да учествува во работата на Извршниот одбор, поради што Собранието ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Лицето ЕРОЛ ЗЕНДЕЛОВСКИ од с.Лабуништа-Струга, СЕ ИЗБИРА ЗА ЧЛЕН во Извршниот одбор на КФРСМ.

Претседателот на Федерацијата наведе дека до Канцеларијата на КФРСМ се досатвени 2-два предлога кои се стават под точката разно и тоа од Лазар Јорданов од КК „Тиквеш", и предлог од Румена Балшевска Беговиќ од КК „Металург".

1.Од страна на КК „Тиквеш" од Кавадарци доставени се два приговора и тоа еден од 09.02.2026 година по однос на начинот на изборот на комисиите на КФРСМ и втор предлог од 16.02.2026 година, по однос забелешки на записникот на Собранието и друго. За дискусија се јави и лично Лазар Јорданов кој усно пред Собранието ги повтори наводите дадени во приговорите, бидејќи смета дека комисиите треба да ги избира Собранието, а не Извршниот одбор. По однос на вториот приговор, наведе дека неовластено се биле ангажирани лица како судии без мегународни лиценци, дека во записникот не му бил доставен од стручниот работник и дека истиот му е доставен незеверен како драфт, бара да му се достави кои биле донатори во 2024 година.

Претседателот истакна дека неосновани се наводите од поднесокот од 09.02.2026 година по однос на изборот на комисиите на КФРСМ кога сметаат дека истите треба да се избираат од страна на Собранието, а не од Извршниот одбор. Ова пред се, што во чл.32 ст.2 алинеа 1 од Статутот на КФРСМ, е предвидено дека Собранието единствено врши донесување, изменување и дополнување на Правилникот за дисциплинска постапка, а не се предвидува надлежност на Собранието за избор на дисциплинската комисија. Од друга страна, според чл.37 ст.1 алинеа 20 од Статутот, таксативно е наведено кои се постојани и други работни тела на Извршниот одбор и дека истите се избираат од страна на Извршниот одбор. Оваа одредба е израз на волјата на членовите на КФРСМ и истата е внесена во Статутот како највисок акт на Федерацијата. Ваквиот начин на работа е пофункционален со оглед на динамика на активноста на Федерацијата, во случај на неможноста или отсуство на поедини членови со што би се оневозможило редовно и навремено функционирање на Федерацијата и нејзините активности. Имено, Собранието воглавно одржува состаноци еднаш во годината и со предвидување на надлежност на Собранието би се отежнала работата како на федерацијата, така и на зголемување на материјалните трошоци.

По однос на приговорот од КК „Тиквеш" од 16.02.2026 година, каде се става забелешка на записникот на Собранието од 15.02.2025 година, како и на учество на нелиценцирани судии на државни натпревари и недоставување на список на донатори за 2024 година претседателот укажа дека од самиот поднесок на КК „Тиквеш" се гледа дека на подносителот му е доставен примерок од записникот. Меѓутоа, подносителот смета дека оваа копија од записникот не е официјален документ со оглед дека истата не е заведена и со печат. Укажуваме дека записникот на Собранието од 15.02.2025 година, не е усвоен од страна на Собранието и заради тоа не се смета за конечен и завршен и од тие причини не можело да биде доставен во конечна верзија. Од друга страна, доставениот записник во себе ги содржал сите одлукии дискусии и истот таков каков што му е доставен е ставен на усвојување на денешното Собрание.

Пријавата против КК „Сансаи Метал Апостолов" од Кавадарци и тренерот Ивана Аврамова, укажуваме дека ова прашање било разгледано пред Собранието и е нотирано во

DRAFT

записникот од 15.02.2025 година, каде се наведува дека за дискусија се јавил и самиот Лазар Јорданов кој истакнал дека не е задоволен од работата на Дисциплинската комисија како и од работата на претседателот на федерацијата Дејан Чолески како и од негово неделегирање од страна на претседателот на судиската комисија Благој Атанасов. Истовремено е разгледан и предлогот за исплатени дневници на судии со истечени меѓународни лиценци и дека со тоа се правело оштетување на буџетот на федерацијата, како и дека не добил одговор од дисциплинска комисија во врска со неговата пријава против Ивана Аврамова.

Ваквите наводи од страна на Собранието биле отфрлени како неосновани и била донесена одлуката бр.02-23/2 од 15.02.2025 година. Во таа смисла претседателот на Дисциплинска комисија дал одговор на Собранието, дека неговата пријава против КК „Сансаи Метал Апостолов“ од Кавадарци и тренерот Ивана Аврамова со решение од 18.11.2024 година, била одбиена како неоснована.

Од друга страна, Собранието ги ценело приговорите против претседателот на Судиската комисија Благој Атанасов, за исплаќање на дневници на судии со истечени меѓународни лиценци и дека со тоа се правело оштетување на буџетот на федерацијата. Истиот е одбиен како неоснован бидејќи Судиската комисија во недостаток на лиценцирани судии и бројот на судии го надополнувал со домашни судии кои имале лиценци за домашни државни натпревари.

Поднесоците од страна на на КК „Тиквеш“ од Кавадарци биле разгледани и од страна на Извршниот одбор, кој со предлог-одлука од 21.02.2026 година, констатира дека наводите се несоновани и истите да се отфрлат како такви.

Со оглед на сето напред наведено, дека истото во поголем број било предмет и на Собранието одржано на 15.02.2025 година и истите со одлука биле одбиени како неосновани, Собранието констатира дека истакнатите наведи од страна на КК „Тиквеш“ се неосновани, заради што се донесе

**ОДЛУКА**

Приговорите на КК „Тиквеш“ од Кавадарци од 09.02.2026 година по однос на начинот на изборот на комисиите на КФРСМ и од 16.02.2026 година, по однос недоставување на записникот на Собранието од 15.02.2025 година, дека неовластено се биле ангажирани лица како судии без мегународни лиценци на државни првенства, дека не му се достави податоци кои биле донатори во 2024 година СЕ ОТФРЛААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

2. По однос на барањео од Румена Балшевска Беговиќ, по однос на одржувањето и организацијата на Балканското првенство за деца 2025 година во Бар - Црна Гора, не е професионално организирано, а пред се што борбите се одржуваа до касно навечер. Смета дека на овој начин не се цени староста на овие малолетни натпреварувачи и нивната возраст и предлага да се интервенира со забелешка од страна на КФМ до балканската федерација.

Појаснување даде и преседателот Дејан Чолески, како и потпретседателот Бесник Мурати, кој како член на Организациониот одбор на Балканската федерација истакна дека ваквата организација дава можност на повеќе натпреварувачи по категорија да оставруваат искуства на мегународни натпревари.

Претседателот предложи дека ова барање влегува во надлежност на Извршниот одбор и дека по предлогот од КК „Металург“ на следната седница ќе биде повикана и преставникот на овој клуб, поради што се донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

Извршниот одбор на КФРСМ да постапи по поднесокот на КК „Металург“ по однос на забелешките на организацијата на балканските првенства и при истите да се земе предвид возраста на натпреварувачите.

Собранието констатира дека се исцрпени сите точки од дневниот ред и истото заврши со својата работа.

**ЗАПИСНИЧАР,**
Игор Миноски

**КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА Р.С. МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
Дејан Чолески

______________________________ ______________________________

**ОВЕРУВАЧИ НА ЗАПИСНИК:**

Благој Атанасов

Марко Костов

DRAFT